РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-477/1
22-01 2014 год.
СКОПЈЕ

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги

Заменик на претседателот,

д-р Милаим Фетаи

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

# ПЛАН

# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

# ЗА 2014 ГОДИНА

Скопје, јануари 2014 година

Врз основа на член 40, став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/09) и член 2 и член 4 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија” бр.136/10), раководителот на одделението за внатрешна ревизија го донесе планот за извршување на внатрешна ревизија за 2014 година. Планот се темели на анализи и проценки од претходната и на тековната година, како и на согледување на реално поставените цели, приоритети и мерки кои треба да се преземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период, имајќи ја предвид моменталната кадровска и организациска поддршка за вршење на ревизии. Годишниот план за внатрешна ревизија се изработува за календарската година и се усвојува врз основа на стратешкиот план. Со планот мора да се земат во предвид приоритетите и процената на ризикот, бројот на внатрешните ревизори и непредвидливите околности.

Внатрешната ревизија се врши во согласност со прифатените стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија, односно меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, подзаконските акти донесени врз основа на наведениот закон и интерните акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

# П Л А Н
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2014

| Ред. број | Вид на ревизија | Предмет на ревизијата | Цел на ревизијата[1] | Период на извршување | Извршители | Ангажирање на надворешни експерти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ревизија на усогласеност (регуларност) | Ревизија на процесот на прекршочни постапки (од поведување на постапките до добивање правосилно решение) | Да се испитаат и да се оценат внатрешните контроли и начинот на кој функционира процесот на прекршочни постапки (од поведување на постапките до добивање правосилно решение), со цел да се даде разумно уверување дека воспоставените внатрешни контроли ефективно обезбедуваат секојдневните активности во врска со овој процес да се вршат законито, целосно, точно, навремено, веродостојно и уредно. | од 01.01-2014 до 14.03-2014 | Милаим Абдураими | Не е предвидено |
| 2. | Ревизија на усогласеност (регуларност) | Ревизија на архивско работење | Да се испитаат и да се оценат внатрешните контроли и начинот на кој функционира системот на архивско работење, со цел да се даде разумно уверување дека воспоставените внатрешни контроли ефективно обезбедуваат секојдневните активности во врска со овој систем да се вршат законито, целосно, точно, навремено, веродостојно и уредно. | од 17.03.- 2014 до 30.05. - 2014 | Милаим Абдураими | Не е предвидено |

[1] Да се наведат јасни, остварливи и мерливи цели за секоја ревизија

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Ревизија на усогласеност (регуларност) | Ревизија на ИПА проекти | Да се испита и да се оцени дали проектот од ИПА фондот се извршува согласно насоките и упатствата дадени од Европската комисија. | од 01.07. 2014 до 30.09- 2014 | Милаим Абдураими | Не е предвидено |
| 4. | Ревизија на усогласеност (регуларност) | Ревизија на мониторинг на програмските сервиси на радиодифузерите | Да се испитаат и да се оценат внатрешните контроли и начинот на функционирање на процесот на мониторинг на програмските сервиси на радиодифузерите, со цел да се даде разумно уверување дека воспоставените внатрешни контроли ефективно обезбедуваат секојдневните активности во врска со овој процес да се вршат законито, целосно, точно, навремено, веродостојно и уредно. | од 01.10-2014 до 31.12-2014 | Милаим Абдураими | Не е предвидено |

Внатрешен ревизор

Милаим Абдураими